РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 08-54
03.03.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-54 од 16.2.2026 година и Предлогот Уп1 бр.08-54 од 27.2.2026 година, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-774/3 од 2.3.2026 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 9-та седница одржана на 2.3.2026 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Радиодифузното трговско друштво (РТД) РАДИО 99 ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.0802-37 од 07.02.2024 г. со измена Уп1 бр.0802-107 од 06.03.2024 г.

## О б р а з л о ж е н и е

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) на 7 седница одржана на 18.2.2026 г., со Заклучок арх.бр.02-624/5 од 18.2.2026 г., го усвои предлогот на д-р Зоран Трајчевски, Директорот на Агенцијата, Уп1 бр.08-54 од 16.2.2026 г. и покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на РТД РАДИО 99 ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.0802-37 од 07.02.2024 г. со измена Уп1 бр.0802-107 од 06.03.2024 г., поради тоа што по извршениот редовен административен надзор, во Писмениот извештај арх.бр.05-636/1 од 16.2.2026 г., беше констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од АВМУ, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на АВМУ.

Во врска со тоа, од страна на АВМУ на 19.2.2026 г. до горенаведениот радиодифузер беше испратен Допис Уп1 бр.08-54 од 19.2.2026 г., за негово известување дека доколку не го плати во целост годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18).

(петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за радио емитување. Известувањето на 19.2.2026 г. беше доставено и во електронска форма на официјалната електронска адреса на радиодифузерот регистрирана како информација за контакт во ЦРРСМ и во регистарот на радиодифузери кој го води Агенцијата.

Меѓутоа, на 24.2.2026 г. од страна на Секторот за финансии и логистика до м-р Драгица Љубевска, овластено лице од страна на Директорот на Агенцијата, согласно Овластување, арх.бр.03-5648/1 од 29.12.2025 г. доставено е Известување, арх.бр.05-636/2 од 24.2.2026 г. дека РТД РАДИО 99 ДООЕЛ Скопје, на 24.2.2026 година, извршил уплата во износ од 319.531,00 (триста и деветнаесет илјади и петстотини триесет и еден) денар, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го платил во целост.

Следствено на горенаведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од ЗАВМУ, согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка, во врска со Предлогот Уп1 бр.08-54 од 16.2.2026 година година и Предлогот Уп1 бр.08-54 од 27.2.2026 година, а согласно Заклучокот арх.бр.02-774/3 од 2.3.2026 година, Советот на Агенцијата, на 9-та седница одржана на 2.3.2026 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- РТД РАДИО 99 ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на РТД РАДИО 99 ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика и
- Назначените лица во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.